**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-45
27.10.2023
Крива Паланка

| **ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово** | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 09, 10 и 12 Октомври 2023 година |
| **Број на извештај:** | Број 7/Североисточен/ 2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Ивица Давидовски |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | Број 2 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Куманово |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 1255 |
| **Полова структура на ученици:** | 656 машки – 599 женски |
| **Број на наставници:** | 90 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Филип Саревски |
| **Директор на училиштето:** | Јасминка Спасовска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 26 до 28 март.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Народна Револуција |
| **Телефон:** | 031 424 281 |
| **Факс:** | 031 424 281 |
| **e-mail:** | brakamiladinovci_ku@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | 2,95 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 09,10 и 12 Октомври 2023 година, тим од четворица државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово. За време на надзорот инспекторите ги спроведоа сите планирани активности: посета на наставни часови, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишниот одбор и Советот на

родители. Се водеа разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим на изготвување на Самоевалуацијата.

Од извшениот инспекциски надзор, целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во сите седум подрачја, тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на ООУ „Браќа Миладиновци" –Куманово, се оценува со оценка добро[1] (2,95)**.**

Наставата во училиштето се реализира согласно Наставните планови и програми за основно образование донесени од Министерството за образование и наука и распоредот на часови во училиштето. Информираноста на родителите за Наставните планови и програми е континуирана со доставување на Брошура. Изборот на изборни предмети е согласно наставниот план. Изготвената програма на училиштето и планирањата на наставниците се многу добри и во истите се интегрирани меѓупредметни цели и мултикултурализмот. Вклученоста на учениците во слободни и вонаставни активности е голема. Афирмацијата на училиштето и учениците е голема со многубројните учества на разни настани, манифестации, натпревари и постигнување на награди.

Наставниот процес се реализира согласно Годишната програма на училиштето, планирањата на наставниците и распоредот на часови. Во наставниот процес поголем број од наставниците користат голем број интерактивни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Употребата на информатичка технологија во наставата е добра. Поголем број на наставници вршат правилен избор на задачи,активности и ресурси за реализација на наставните содржини, со цел да ги постигнат целите.Согласно изготевниот распоред на часови се држи дополнителна и додатна настава

За изготвување на планирањата, наставниците разменуваат искуства на ниво на стручни активи и со наставници од други училишта. Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. Воспоставена е добра интеракција помеѓу наставниците и учениците, а интеракцијата ученик-ученик е послабо застапена во редовната настава. Атмосферата на поголем број часови е мотивирачка и начинот на кој се учи е интересен. Поголем број наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура за оценување и користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди,елементарни непогоди и насилство.Училштето води грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижи и дава поддршка. Стручната служба води евиденција и анализа за постигањата на учениците и дава помош при избор на понатамошно образование.

Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во разни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структури. Дисциплината и повединието на учениците се добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално и пошироко ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, почитивајќи ги правата на децата. Училиштето го промовира мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето се добри. Соработката со локалната средина, деловната заедница и невладиниот сектор се добри.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети училници, работилници, кабинети се добри организирани. Училиштето има задоволувачки спортски внатрешен и надворешен терен. Опременоста со нагледни средства и реквизити задоволува. Наставата ја изведува соодветен наставен кадар. Училиштето редовно превзема мерки за професионален развој и усовршување на наставниците. Училишниот буџет е добро планиран и распределен согласно развојните потреби и приоритети на училиштето, а во помала мера недостасуваат потрошни материјали и нагледни средства за работа на наставниците.

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана во Деловник за работа.

Раководниот орган-директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делигира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа, донесена на Училишниот одбор, бр.01-309/1 од 18.07.2023 година, усвоена од Совет на Општина Куманово под бр. 09-6227/44 од 29.08.2023 и Годишен извештај за работа за учебната 2022/2023 година под бр.01-308/2 од 18.07.2023 година, усвоена со Заклучок од Советот на Општина Куманово, под бр. 09-6227/43 од 29 Август 2023 година

Училиштето има изготвено Самоевалуација број 02-227/3 од 3.7. 2022 година , за период од 2020/21 и 2021/2022 година, а врз основа на Самоевалуацијата, има донесено Програма за развој број 01-63/ од 26.08.2022 година за период од 2022 до 2026 година

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ “Браќа Миладиновци”- Куманово, е лоцирано во центарот на градот и опфаќа ученици од централно подрачје, реонот на Соколана и селата Пчиња и Студена Бара кои се во состав на училиштето. Работи во пет училишни згради и функционира како Централно училиште со две подрачни и едно училиште за деца со Посебни образовни отреби и тоа:

1.Централната училишна зграда се наоѓа на улицата Народна Револуција бр. 43, каде се сместени 20 (дваесет) паралелки од предметна настава , 4 (четири) паралелки од I одделелние, 4 паралелки од II одделение, 1 (една) паралелка од III (трето) одделение и можност за една паралелка продолжен престој од прво и второ доколку има заинтересирани ученици.

2.Во втората зграда која се наоѓа на ул. “Тонко Димков” бб се изведува настава за учениците од I-V, односно за децата кои припаѓаат на тој реон, распоредни во 9 (девет) паралелки, од кои 5 паралелки се ученици од петтите одделенија;

3.Во третата зграда која се наоѓа на ул “Тане Георгиевски” бб, наставата се изведува за учениците од Посебните паралеки и тоа 9 (девет) паалелки од I до VIII одделение, 3 (три) паралелки од III одд. и 4 (ќетири) паралелки од редовно четврто одделение, вкупно 16 паралелки;

4.Како четврта зграда е Подрачното училиште во с. Пчиња. Опфаќа ученици од селата што гравитираат кон тој реон од I до IX одд. со вкупно 9 (девет) паралелки;

5.Во петата зграда која е лоцирана во с. Студена Бара, работат 2 (две) комбинирани паралелки од I до V одделение.

Од I до IX одделение има вкупно 64 паралелки со вкупно 1255 ученици.

Наставата ја реализираат 90 наставници и 6 стручни соработници: педагог, психолог, дефектолог, социолог, логопед и библиотекар, од кои во предметната настава 45 наставници и во одделнската настава 38 наставници,

Во матичната зграда работи и ООУ „Крсте Мисирков“, кое ги опфаќа учениците од истиот реон, освен подрачните училишта во с. Пчиња и Студена Бара. Смените со другото училиште се менуваат на две недели, а ПУ во с. Пчиња работи во две смени

Училиштето располага и со спортска сала, каде што се одвива наставата по физичко и здравствено образование, со површина од 1025 метри квадратни и со мала помошна спортска сала, адаптирана за реализација на настава.

Училиштето е регистрирано со Решение од Централниот регистер на Република Македонија, со ЕМБС 4028775 , Организационен облик: 02.1-образовна установа.

Има донесено Статут за работа под бр. 01-487/1 од 10.12.2019 година со добиена согласност од МОН бр 18—418 од 17.02.2020 година, Годишна програма за работа за учебната 2023/2024 година бр.01-309/1 од 18.07.2023 година, усвоена од Совет на Општина Куманово под бр. 09-6227/44 од 29.08.2023 и Годишен извештај за работа за учебната 2022/2023 година под бр.01-308/2 од 18.07.2023 година, усвоена со Заклучок од Советот на Општина Куманово, под бр. 09-6227/43 од 29 Август 2023 година. За обавување на воспитно-образовната дејност, училиштето поседува Решение за верификација бр. 10-1029/3 од 05.06.1995 година, донесено од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Централното училиште се затоплува на парно греење на гас.

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Браќа Миладиновци“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализираат во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво, второ, трето,четврто, петто и шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, донесена од Министерот за образование и наука.

Училиштето ги информира членовите на Советот на родители за целите на наставните планови и програми што ќе се реализираат во текот на учебната година. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Бирото за развој на образованието.

Во состав на ООУ Браќа Миладиновци постојат паралелки за деца со посебни потреби кои со решенеие бр.02-237/1 од 16.06.2021 година преминувале во центар за подршка на учење на ученици со попреченост. Во учебната 2023/24 година во училиштето постојат паралелки од второ до деветo одделение за деца со посебни потреби а во прво одделение се запишани 2 ученици од кои еден со медицинска документација (МКФ) и еден ученик за кого се чека мислење од комисија а кои се интегрирани во редовните паралелки.

За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор но сеуште нема ангажирано образовни асистенти. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор и пропишаната процедура за изготвување на ИОП, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Инклузивниот тим за ученик не прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, освен доколку се јави потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај.

Училиштето има Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ која треба да се одвива во три нивоа: директна поддршка на учениците и нивните родители; поддршка на воспитно-образовниот кадар и поддршка на пошироката општествена заедница.

Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анкетниот лист се нудат како избор три изборни предмети определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од други националности училиштето обезбедува учење на јазикот на заедниците, поточно во училиштето за учениците припадници на албанската заедница наставата од прво до петто одделение ја следат на мајчин јазик.

Во ООУ„Браќа Миладиновци“Куманово се планира и нуди проширена програма за учениците од прво до четврто одделение со прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. ООУ„Браќа Миладиновци“-Општина Куманово има потпишано Меморандум за соработка со ООУ„Бајрам Шабани“-Куманово со кое во текот на учебната 2022/2023 година ќе реализираат заеднички активности.

Во училиштето постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот застапен е во одделенска настава, додека помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Вонаставни активности

Училиштето планира но нецелосно ги реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонаставна активност. Во вонаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се балансирано хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во вонаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско,регионално и државно ниво со освоени поголем број на награди. Во учебната 2020/2021 година учениците учествувале на општински натпревари каде што освоиле 30 први награди, 19 втори и 41 трета награда, на регионален натревари се освоени 7 први, 11 втори и 22трети награди , На државни натпревари освоени се 2 први, 1 втора и 1 трета награда, на меѓународни натпревари се освоени 4 први , 1 втора и 1 трета награда.Во учебната 2021/2022 година учениците учествуваче на општински натпревари и освоиле 31 први награди, 28 втори и 25 трети награди, на регионален натревар се освоени 8 први, 19 втори и 21трети награди, На државни натпревари 3 први, 6 втора и 11 трета награда, на меѓународни натпревари се освоени 3 први , 2 втори и 1 трета награда.Во учебната 2022/2023 година учениците учествуваче на општински натпревари и освоиле 19 први награди, 46 втори и 45 трета награда, на регионален натревар се освоени 16 први, 20 втори и 56трети награди, На државни натпревари 10 први, 10 втора и 8 трета награда, на меѓународни натпревари се освоени 2 први награди.

Во училиштето нема доволен број примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, подржани од наставниците при нивната реализација. За афирмирање на вонннаставните активности, училиштето користи медиуми како социјални мрежи и веб страната на училиштето.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Куманово и Советот на родители, тековно ќе се реализираат предвидените ученички екскурзии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето формирало ученички спортски клуб "Браќа Миладиновци"со Решение бр. 08-1032/2 од 27.05.2015 година донесено од Агенција за спорт и млади а регистриран во Централниот регистар на РМ под ЕМБС 7026498 од 24.03.2015 година.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол, по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,58; во учебната 2021/2022 година е 4,48 и во учебната 2022/2023 година е 4,53. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4,53 Во паралелките за ученици со попреченост успех по годиние е 2020/2021 година 4,11; во учебната 2021/2022 година е 3,74 и во учебната 2022/2023 година е 3,95. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 3,93

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и презема конкретни активности во таа насока.

Училиштето ги препознава учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето организира заеднички активности (наставни и вонпаставни). Со партнер училиштето, се планираат и ќе се реализираат воннаставни активности во вид на работилници, презентации, екскурзии преку кои учениците ќе се стекнат со нови знаења и искуства за историјата и традицијата на македонскиот и албанскиот народ.

### 2.2 Задржување / осипување на ученици

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Куманово за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и превзема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, остварува соработка со надлежни институции, со локалната заедница и со граѓански организации. Процедурата е усвоена од училишните органи и училиштето постапува согласно истата.

Училиштето прибира податоци од средните училишта во кои учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето. Располага со податоци за сите ученици од минатата учебна година, обезбедени од средните училишта во кои преминале.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, а активностите кои ги презема за намалување на изостаноците се засновани на анализи. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 9815 оправдани 8736 и 1079 неоправдани или 8,3 по ученик, Во учебната 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 16988, од кои 15315 оправдани и 1673 неоправдани или 14,26 изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 22080, од кои 21222 оправдани изостаноци и 858неоправдани или 18,25 изостаноци по ученик.Од податоците може да се заклучи дека бројот на изостаноците секоја година се повеќе се зголемува.

Вкупниот број на изостаноци во посебните паралелки на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 465 или 11,92 изостанок по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци 632 изостанок или 18,5 изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 603 или 16,47 изостаноци по ученик.

Училиштето не врши анализа за причините за отсуство од наставата и не превзема конкретни активности.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Во учебната 2020/2021 година, реализирани се 21 советувања на родители и ученици од кои 4 по основ на намален успех и 17 за нередовно посетување настава Во учебната 2021/2022, година реализирани се 33 советувања на родители и ученици од кои 20 по основ на намален успех во учењето и 13 поради нередовно посетување настава Во учебната 2022/2023 година реализирани се 27 советувања од кои 16 по основ на намален успех во учењето и 11 поради нередовно посетување настава За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Стручната служба врши анализи на резултатите од советувањето.

Во училиштето има појава на осипување на ученици и истото континуирано се следи според полот, одделение/паралелка и се вршат анализи за причините на осипување. Во училиштето нема осипување при премин во средно училиште.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 31 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 3 ученици се запишале во оваа училиште.

### 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години само еден ученик во учебната 2022/2023 е задржан во исто одделение.
Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето остварува соработка со дефектолг за обезбедување поддршка за изработка на индивидуален образовен план. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба и соработува со наставниците кои реализираат настава со учениците со посебни образовни потреби со и без наод во однос на психолошкиот развој на учениците и стекнување на знаења.

Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности во поучувањето и учењето. Активностите на поголем број наставници се планирани во три дела со цел да се постигне целта на часот и учениците да бидат активни на наставниот час, како и реализирање на активности да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати.

Наставниците планираат во рамки на 5 стручни активи. Поголем број наставници користат дигитални, е – содржини и соработуваат и разменуваат искуства со наставници од други училишта.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план, имајќи во предвид за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и распоредот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реализира согласно распоредот.

### 3.1 Наставен процес

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење но помалку се застапени наставни техники на учење и поучување со кои би ги развивале индивидуалните способности и потреби на учениците.Најголем број наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално,

во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.Часовите се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел.Најголем број наставници ги реализираа и поставените цели.

Во учебната 2023/2024 година, во училиштето се применува Концепцијата за основно образование и во предметна настава во VI одделение.Во шесто одделение има 7 (седум) одделениа. Во седумте паралелки по предметот Историја и општество, модул Историја и модул Граѓанско образование настава реализираат 4 (четири) наставника.

Модул Географија реализираат 3 (три) наставника.

Наставниот предмет Техничко образование-информатика во VI одделение се рализира во два модули, Модул техничко образование и Модул информатика, истите се реализирани од два наставника.

Наставниот предмет Природни науки го реализираат 4 (четири) наставника.

Наставата во шесто одделение согласно наставниот план и програма за 2023/24 година, во училиштето се реализираат полугодишни Изборни предмети.Во прво полугодие се реализира предметот Базични права и слободи на човекот со рализација на настава со два наставника.

Во второ полугодие ќе се реализира предметот Религии во светот со реализација на два наставника.

Наставната програма за слободен Изборен предмет и во двете полугодија е изготвена од предметниот наставник и одобрено од Биро за развој на образование.Од страна на предметните наставници доставени се и дополнителни програми за слободен изборен предмет за шесто и седмо одделение, Основни на туризам во родниот крај, Основни за туризмот во нашата татковина, истите имаат добиено Одобрение бр.08-1069/4 и 08-1069/3 од 29.08.2023 година од Биро за развој за образование. Истите ќе биднат доставени за учениците за наредната учебна година.

Предмотот Англиски јазик во трето одделение е со намален фонд на часови, од три часа на два часа неделно.

Согласно новата Концепција за основно образование наставниците од предметна настава реализираат настава за Слободни изборна предмети во V (петто) одееление.

Наствниците од предметна и одделенска настава во училиштето ја исполнуваат обврската за почитување на работно време според новата Концепција за основно образование.

Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со 3 - ЛЦД проектори, 9 смарт табли, 145 компјутери, 65 таблети и 85 мини лап топ за наставници. Со компјутерска опрема опремени се 3 училници. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата кај поголем број наставници е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај помал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставната програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците.

Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракција наставник – ученик е добра. Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина и при повторување со користење на техника. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користат соодветни наставни форми и методи но помалку се застапени наставни техники на учење и поучување со кои би ги развивале индивидуалните способности и потреби на учениците. Сите наставници со учениците се однесуваат на

начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа, обезбедува еднакви можности за учениците, имајќи ги предвид нивните способности, пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Во создавање клима за надминување на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост наставниците превземаат активности.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес којашто редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час.

## 3.2 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишнот простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурализмот. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се земаат предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик е добра, најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина со користење на техника. Интеракцијата меѓу учениците за заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри.

## 3.3 Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

Училиштето за потребите на учениците со ПОП, потешкотии и надарени ученици има изготвено програми за работа за вкупно седум ученика во учебната 2023/24 година кои се инклузирани во редовна настава и рапотат со ИОП.

## 3.4 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Наставниците имаат изготвено стандард и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознати.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење

критериуми). Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно изготвен ИОП.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.Голем акцент се става на вреднувањето на дневни постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.5 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист) со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето (соработка со другите, почитување на разликите, толерантност). Најголем број наставници од родителите бараат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.Во училштето на јавно место е објавен распоред на индивидуални средби на наставници со родителите на учениците, распределени секој работен де во неделата.Исто така на ниво на секоја паралелка во функција се и online групи на социјални мрежи за навремено информирање на родителите од страна на наставниците.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки и е-пошта.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е добра. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.

Централното училиште и во подрачните училишта ученичкиот простор за изведување на редовна настава е во подобрена состојба. Учлниците се пространи и природно осветлени, соодветни на училишните стандарди и возраста на учениците за изведување на настава.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи.

Училиштето има Правилник за заштита од пожари и експлозии бр.01-407/1 од 06.10.2021 година,и согласност на Правилникот од Дирекција за заштита и спасување бр.09-396/2 од 13.10.2021 година. План за заштита и спасување во случај на елементарни непогоди заведен со дел.бр.03-15/1 од 15.01.2012 година и мислење од Дирекцијата за заштита и спасување со дел.бр.10-20/2 од 18.01.2012 година.Училиштето има спроведено вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода на 11.11.2021 година и има спроведено вежба за напуштање на училишната зграда.

Исто така училиштето има План за евакуација и спасување во случај на вонредна состојба со бр.02-454/1 од 16.11.2021 година, има назначено и лице кое е представник од вработени за безбедност и здравје при работа со Одлука бр.02-12 од 09.11.2021 година.

Поставени се 13 противпожарни апарати во централното училиште и по еден противпожарен апарат во подрачните училишта Соколана, с.Пчиња, с.Ст.Бара. и два противпожарни апарати во подрачните училишта Карпош и истите се во функција и редовно се сервисираат. Во централното училиште има поставено хидранска мрежа со 6 хидранти, истите се во функција и редовно се сервисираат ,додека во подрачните училишта нема поставено хидранска мрежа со хидранти.

Во учебната 2023/2024 година, учениците се осигурани преку осигурителна компанија АД САВА Осигурување, избрана од страна на Советот на родители. Наставниците и училишниот објект се осигурани преку компанија АД Триглав.Училишниот имот (движен и не движен) е осигуран преку компанија АД Триглав.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство.Се постапува според Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртви со бр.18-6570/1 од 06.07.2020 година.За насилството и последиците од истото, со учениците се разговара на одделенскиот час преку содржините на програмата.

Училиштето води политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци. Секоја учебна година во училиштето со учениците од VIII и IX одделение се организира предавање на тема „Болести од зависност" од лекар – родител на ученик во училиштето, исто така, предавања и презентации се реализираат и од страна на училишниот психолог на одделенскиот час. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Во централното и подрачните училишта, нема организирана исхрана на учениците. Учениците храна носат од дома, или, се снабдуваат од продавниците во околината на училиштето. Училиштето има увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во околината на училиштето, со приложени записници од извршени редовни и винредни инспекциски надзори од надлежни инспекциски служби.

Во училиштето иако има ученици со телесни пречки во развојот, пристапот во централното училиште и подрачните училишта е приспособен на потребите на лица со телесни пречки во развојот на сите катови од централната училишна зграда (со инсталиран лифт).

Во училиштето се опфатени 7 ученика со наод и мислење со психофизички пречки во развојот/посебни потреби кој се вклучени во редовна настава и 31 ученика со наод и мислење со психофизички пречки во развојот/посебни потреби кои се распоредени во посебни паралелки од II до IX одделение. Од страна на наставниците се изготвени индивидуални планови за работа со ученикот.

Во Училиштето се организираат хуманитарни, донаторски акции од страна на учениците и вработените во самото училиште, по потреба се проширува хуманитарната акција и во други училишта.

## 4.2. Здравје

Хигиената во учлниците, ходниците, санитарните јазли и спортската сала е на добро ниво**.** Редовно се чисти и уредува и училишниот двор.

Училиштето води грижа за здравјето на учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето. Во целост ги спроведува активностите кои се во насока на здравствена заштита на учениците, првенствено преку редовни систематски прегледи и вакцинации. На одделенските часови се разработуваат теми за чиста животна средина, хигиена, здрава храна.

Училиштето во соработка со здравствениот дом, за учениците од женскиот пол, секоја година се организира работилница/предавање на тема „Пубертет, промени, несакани генитални инфекции и последици“.

Учениците и наставниците кои заради хронично заболување и други оправдани причини, подолго време отсуствуваат од настава, се постапува согласно одредбите од Законот за основно образование.

Планираните годишни активности како дезинфекција, дезинсекција и дератизација, се спроведуваат редовно. Во случаи на појава на зараза од грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со епидемиолошката служба и ги следи насоките дадени од нив. Во таков случај училиштето соработува со родителите, во насока на укажување за посебниот режим во училиштето, заради спречување на ширење на болеста и намалување на отсуствата од настава.

Извршен е здравствен преглед на вработените од ПЗУ Драган Куманово од 08.11.2021 година.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето спроведува активности за професионална ориентација со учениците од деветто одделение. Педагогот спроведува анкета за самопроценка на интереси и на способности на учениците. Сите ученици добиваат индивидуална препорака врз основа на добиените резултати.

Преку редовните презентации од средните училишта од општината и пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили. Во овие активности се вклучени стручната служба и одделенските раководители.

Училишниот психолог и наставниците соработуваат околу навремено откривање на ученици со емоционални проблеми и потешкотии. Училиштето има редовна соработка со релевантните установи, центрите за социјална работа, полицијата и други институции, за надминување на проблемите од таков тип.

## 4.4. Следење на напредокот

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, наставниците, родителите и стручната служба за постигањата на учениците.

Стручната служба ги собира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Со податоците за постигањата на учениците, родителите редовно се информираат на родителските средби од страна на одделенскиот раководител и на индивидуални родителски средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

# 5. Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има Кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во изработка учествувале претставници од сите структури и усвојување со демократска процедура. Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и награди и педагошки мерки.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Со дел од правилата за убаво однесување во училиштето на учениците, родителите се запознаваат преку Брошура за родители и ученици, која им се дава на родителите на почетокот на учебната година.

Училиштето води политика на взаемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот. Учениците, членови на училишната заедница се поканувааат нанаставничкисовет и советинапаралелки, а се поканувааат и на состаноци на Училишен одбор. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи Инклузивен тим. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и со работуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.

Воучилиштетонемазакани,провокации,навредиипишанинграфити со негативна содржинаупатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Во училиштето, централното и подрачните, се гледа позитивна работна атмосфера како меѓу наставниците, така и меѓу учениците. Вработените се насочени кон одржување на дисциплината и безбедноста на учениците при што во училиштето постои и распоред на наставници за дежурства на одморите.

Учениците во училиштето за остварување на своите интереси се организираат во заедница на паралелка и во Ученички парламент. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа. Ученичкиот парламент делумно учествува воразгледување одлукизапрашањаштосеоднепосредениинтересзанив и другите ученици и има мал број реализирани активности за промовирање на интересите на учениците. Учениците се информирани за работата и сите активности на Ученичкиот парламент.Во училиштето има избрано дете правобранител.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Стручната служба ги прибира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето.Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и научениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпреварина локално,

регионално и државно ниво. Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците и во ходниците.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Ситевработенивоучилиштетогизнаатигипочитуваатправатана ученикот.Училиштетосегрижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

Најголем број наставници и вработени во училиштето, правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло.

Училиштето планира и реализира активности од меѓуетничка интеграција.

Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари, решавање на конфликти. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и накој јазик ја посетуваат наставата. Партнер-училиште за реализирање на активности од меѓуетничка интеграција е ООУ„Бајрам Шабани"-Куманово.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето активно работи во негување и развивање на партнерски однос со родителите и деловната заедница. Родителите, преку своите претставници во Советот на родители и Училишниот одбор, во најголем дел се вклучени во работата на училиштето сè со цел постигнување на организирано остварување на интересите на учениците. Дополнителен поттик за соработка со родителите се постигнува и прекукомуникација со родителите приорганизирање на индивидуални и родителски средби, кои најчесто се усогласенисо времето што родителот го има на располагање. Родителите соработуваат со училиштето, а доставуваат и свои писмени забелешки и предлози за подобрување, дополнување и изменување на наставните планови и програми.

Информациитештосеоднесуваатнаситепостигањатанаучениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма преку евиденти листови и преку е-дневникот. Мал дел од родителите немаат услови за следење на е-дневникот, но тие се добредојдениво училиштето за добивање на потребни информации за нивното дете.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проект и организирање и учество настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.

# 6. Ресурси

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

ООУ „Браќа Миладиновци" - Куманово е  лоцирано  во   центарот на  градот и опфаќа ученици од централно подрачје, реонот на Соколана и селата Пчиња и Студена Бара кои се во состав на училиштето. Работи во пет училишни згради и функционира како Централно училиште со две подрачни и едно училиште за деца со Посебни образовни потреби, кое има нова функција на Центар за поддршка на ученици со попреченост на Североисточен регион.

Централната училишна зградасо  површина од 4362м2, се наоѓа на улицата „Народна Револуција"  бр. 43 каде се сместени 20 (дваесет) паралелки од предметна настава , 4 (четири) паралелки од I одделелние, 4 паралелки од II одделение, 1 (една) паралелка од III (трето) одделение и можност за  една паралелка продолжен престој од прво и второ доколку има заинтересирани ученици.Оваа зграда се користи заедно со ООУ„Крсте Мисирков"-Куманово и тоа: во една  смена работи едното училиште, а друга смена другото училиште.Оваа зграда располага со 35 училници, 1 библиотека-медиотека, 4 канцеларии, фискултурна сала, сала за кутурно-забавни програми .

Големината на училниците делумно соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Поради  дотраеност на кровот на зградата, во моментот на интегралниот надзор се врши реконструкција на кровот и на училниците кои се наоѓаат  на вториот кат во зградата поради што вториот  кат од училиштето, поради небезбедност, е  привремено затворен за користење. При вршење на реконструкциските работи во училиштето, се преземени мерки за безбедност согласно утврдените процедури за безбедност при изведување на работни активности.

Во состав на овој објект има спортска сала со околу 1025 м2,која е изградена пред подолг временски период и на  која  и е потребно реновирање.  Во состав на салата има уредени соблекувални и санитарни јазли,  уреден спортски терен со околу 1100 м2, има мало инклузивно игралиште и мала сала за реализација на физичко и здравствено образование со 150м2. Во ходниците од зградата има поставено тактилни патеки, изграден лифт за лица  со посебни потреби, тоалет за лица со посебни потреби. При влезовите во централната зграда има  две рампи за лица со посебни потреби, а во рамки на паркинг местата  има посебно паркинг-место за лица со посебни потреби. Училишниот двор е ограден и безбеден за учениците. Во целата централна зграда има поставено видео-надзор.

Во втората зграда која е со површина од 1087м2 и која се наоѓа на ул. „Тонко Димков" бб (таканаречена Соколана) се изведува настава за учениците од I-V, односно за децата кои припаѓаат на тој реон. Наставата се изведува во  9 (девет) паралелки. Оваа зграда се користи заедно со ООУ„Крсте Мисирков"и тоа: во една  смена работи едното училиште, а друга смена другото училиште. Во зградата има  9 училници, 1 наставничка канцеларија и административна канцеларија. Големина на сите училници е соодветна  и ги задоволува потребите за доволен простор за престој и работа на учениците. Училишната зграда е реновирана со нова фасада. Просторните услови во овој објект ги исполнуваат условите за нормална реализација на наставата согпано важечкиот Норматив за простор. Училниците се опремени со смарт- телевизори, а во две училници има и смарт-табли.Во договор со ОСТУ „Наце Буѓони", за изведување на настава по физичко и здравствено образование  се  користат отворените спортски терени  на ОСТУ „Наце Буѓони".

Во третата зграда која  е со површина од 510м2 и  која се наоѓа на ул „Тане Георгиевски" бб, наставата се изведува за учениците од Посебните паралелки и тоа 8 (осум) паралелки од II до IX одделение, 3 (три) паралелки од III одд. и 4 (четири) паралелки од редовно четврто одделение, вкупно 15 паралелки. Во зградата има 15 училиници, 1 наставничка канцеларија, 5 санитарни јазли. Просторните услови се прилагодени за одвивање на настава со ученици со посебни образовни потреби. Големината на  училниците е соодветна  и ги задоволува потребите за доволен простор за престој и работа на учениците со посебни образовни потреби. Нема просторија за родителите кои треба да бидат присутни и да ги чекаат своите деца. Ова е единствено училиште во Североисточен регион во кој има 8 паралелки со ученици со посебни образовни потреби кој во моментот, од учебната 2023/2024 година е прераснат во Центар

за поддршка на учењето. Овој центар нуди свои стручни, материјални и просторни ресурси за учениците со попреченост, нивните семејства и воспитно- образовниот кадар во училиштата. Тој од оваа учебна 2023/2024 година ќе врши индивидуален третман и рехабилитација и ќе учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби, согласно со препораката на стручното тело за функционална проценка.

Во оваа зграда четири училници се користат за реализирање на редовна настава паралелки од редовна одделенска настава.Редовна настава, во друга смена, во истите училници реализира и ООУ„Крсте Мисирков"-Куманово. Во дворот на зградата има уредена дворна површина за настава по физичко со околу 400м2.

Како четвртата зграда е подрачно училиште во с. Пчиња со површина од 162м2 , во која се работи во две смени. Опфаќа ученици од селата што гравитираат кон тој реон од I до IX одд. со вкупно 9 (девет) паралелки. Во зградата има 6 училници, 1 кабинет, 1 специјализирана училница за прво одделение, 1 канцеларија , и дворно место со околу 5165м2. Во дворот има адаптиран површина за спортски терен од околу 700м2. Зградата е стара и нереновирана, со стари дотраени прозорци и врати. Училниците се со испукани ѕидови и дотраени подови. Нема санитарен чвор во склоп на училиштето, туку надвор од училишниот објект. Има подрумски дел во училишната зграда кој не е доволно искористен за потребите на училиштето. Водата во зградата редовно се испитува од Центар за јавно здравје Куманово , но истата не е добра за пиење и секористи само за технички потреби.

Во петтата зграда која е лоцирана во с.Студена Бара со површина од 80м2 се работи во една смена.Таму работат 2 (две) комбинирани паралелки од I до V одделение.Во зградата има 2 училници и 1 канцеларија, со 96м2 и дворна површина од 3612м2, од кои 400м2 се користи како спортски терен,а останатото е делумно уреден училишен двор. Има изграден и соодветно уреден тоалет во склоп на зрадата, но влезот во тоалетот е од надворешната страна.Училниците располагаат со доволен број на клупи и столчиња според број на ученици.

Водата во зградата е добра за пиење и истата редовно се испитува од Центар за јавно здравје Куманово.

Во моментот на интегралниот надзор 4 паралелки од одделенска настава привремено се сместени во зградата на СОУ Гимназија „Гоце Делчев"-Куманово поради реконструкција на кровот на централната училишна зграда.

Централното училиште се загрева со гас, а подрачните со пелети, дрва и нафта. Капацитетите на училиштето во сите пет објекти се користат оптимално.

Просториите кои се користат заедно со ООУ „Крсте Мисирков", претставуваатпотешкотија за одржување, чување на средствата и уреденоста.Посебен недостаток на училнички простор има за одржување на дополнителната и додатната настава и воннаставните активности.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра за задоволување на потребите за целосна реализација на наставните програми, како и приоритетите предвидени со Програмата за развој на училиштето со што истите не соодветствуваат на планираното. Училиштето поседува: 145 компјутери, 85 лаптоп компјутери, 7 принтери, 2 фотокопири, 2 скенери, 3 LCD-проектори, 4 DVD, 2озвучувања, 49 телевизора,14 касетофона, 9смарт-табли, 65 таблети.

Училиштето своите потреби за наставни средства и помагала ги утврдува преку стручните тела на училиштето, со давање на приоритети за набавка на најнеопходните помагала. Нема пропишан систем за одредување на приоритети и собирање на информации за состојбата на постојните средства и матерјали.

Набавените средства во најголема мера ги задоволуваат потребите на училиштето. Училишната библиотека во училиштето добро работи и е организирана како библиотека-медијатека. Библиотеката има изготвено правилник за користење на лектирните изданија. Евиденција за издавање на книги за ученици и наставници се води во книга за евиденција за наставници и ученици за изнајмени и вратени книги.

Училишната библиотека - медијатека располага со вкупен број од 10 188 книги.

Вкупниот број го сочинуваат: енциклопедии, стручна литература за наставници, лектирни изданија, сликовници, како и наслови од литература од различни жанрови.

Книжниот фонд се евидентира во посебна инвентарна книга на библиотеката и за истиот се води електронска евиденција.Библиотеката е опремана со компјутер и друга техничка опрема, а во неа се складирани и се чуват електронски изданија на разни книги, дополнителна литература, прирачници и други документи во електронска форма.

Со училишната медијатека раководи стручно лице, библиотекар, кое е вработено со полно работно време, а истата е на располагање за учениците во сите термини во работните денови.Библиотекарот активно учествува при стручна поддршка и соработка со наставниците и дава поддршка на учениците. Во библиотеката има доволен простор опремен со клупи и столчиња кој се користи како читална и простор за состаноци на ученичкиот парламент. Библиотеката има богата соработка со градската библиотека „Тане Георгиевски" од Куманово.

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал за потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности, согласно со планот на училиштето. Потрошен материјал (хартија, креда и.т.н.) училиштето обезбедува од средства за материјални трошоци од МОН и локалната самоуправа. Од вработените е истакнато дека обезбедените средства за материјали добро ги задоволуват потребите.

### 6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето е добро обезбедено со наставен кадар, во согласност со Законот за основно образование и Нормативот за наставен кадар во доволен број за реализација на воспитно образовен процес. Во училиштето има вкупно 117 вработени, од кои 15 на определено работно време ( од нив двајца на кратка замена за породилно боледување.), а останатите 102 вработени на неопределено работно време . Во училиштето има вработено двајца административни службеници и тоа секретар и благајник на неопределено работно време. Има вкупно 16 лица вработени како помошно- технички персонал од кои 13 хигиеничари, еден домаќин и двајца хаус-мајстори, сите вработени на неопределено работно време, распределени по згради.

Во истурена зграда Соколана се распределени двајца хигиеничари, во ПУ Пчиња хигиеничар и хаусмајстор, во ПУ Студена Бара еден хигиеничар, во Центар за поддршка на учењето за ученици со попреченост двајца хигиеничари, во истурени паралелки во Гимназија „Гоце Делчев" Куманово, еден хигиеничар и останатите 6 хигиеничари заедно со домаќин и хаусмајстор во централна училишна зграда.

Во училиштето има вработено 6 стручни соработници од кои 5 на неопределено и тоа ( педагог, психолог, социолог, дефектолог и библиотекар) и еден на определено работно време, логопед.

Во Центар за поддршка на учењето за ученици со попреченост во вкупно 8 паралелки вработени се: 8 наставници од кои 6 дефектолози на неопределено работно време, еден наставник по македонски јазик со дефектолошка доквалификација на неопределено работно време и еден дипломиран инженер по информатика со дефектолошка доквалификација на определено работно време. Во состав на Центарот за поддршка работи стручен соработник- логопед на определено работно време. Во учебната 2023/2024 година во Центарот за поддршка работи стручен соработник-дефектолог на неопределено работно време и истиот е должен да ги опслужува сите инклузирани ученици кои според наод на МКФ имаат право да посетуваат индивидуален третман во Центарот на ниво на Општина Куманово.

Во училиштето има вработено вкупно 84 наставници во редовни паралелки. Од нив 32 наставника се вработени во одделенска настава ( 29 на неопределено и 3 на определено работно време). Двајца од нив од одделенска настава се распоредени во ПУ Студена бара, еден на определено и еден на неопределено работно време. Во ПУ Пчиња се распоредени 5 одделенски наставници од кои два на опрделено и тројца на неопределено работно време. Останатите 25 одделенски наставници се распоредени во централната училишна зграда и истурените крила во Соколана и Центарот за поддршка.

Во предметна настава се вработени 51 наставник во редовни паралелки. Од нив 12 се на определено работно време, во нив спаѓааат и двајца наставници кои се вработени на кратка замена за боледување. Останатите 39 наставника се вработени на неопределено работно време. Како орган на раководење е директор.

Во училиштето добро се врши распределба на кадарот, при што се земаат во предвид квалитетите и искуствата на наставниците. Во најголема мера се врши распоредување на наставници да ја водат генерација на ученици од почеток до крај (петто до деветто одделение). Работатананаставниоткадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишанапроцедураза реализацијана приправничкиотстаж за наставник приправник. Со наставникот приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставницитеработат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Во училиштето функционираат еден стручен актив од одделенска настава, **3** од предметна настава и тоа природна група предмети, јазично-естетска група предмети, општествена група предмети и **1** од посебни паралелки. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето користи механизми за брза и соодветна замена.

Сите стручни соработници имат свои годишни програми за работа. Планираните активности добро им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблеми и давање соодветна помош на учениците. Стручната служба е секогаш отворена за соработка со сите структури кои учествуват во животот и работењето во училиштето.

Вработените го почитуваат работното време. Директорот и стручната служба ја следат редовноста на наставниците и другите вработени.

### *6*.4 Кадар и следење на развојните потреби на на кадарот

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој земајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници со кои треба да се стекнат.. За усовршување и професионален развој на наставниците училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата,вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба. Директорот согласно својот план и програма за работа врши посета на часови кај наставници најмалку два пати во едно полугодие. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Стручната служба уредно води портфолија за професионален и кариерен развој на наставниот кадар. Училиштето има изготвен План за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето кој во најголема мера се реализира. Наставниот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Поголем дел од наставниците за сопствено лично усовршување имаат изготвен личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции и кариерен развој. Во училиштето функционира тим за професионален развој на наставниците, кој ги утврдува потребите за едукација и организира интерни обуки и нагледни часови со цел да се подобри квалитетот на наставата. Наставниците меѓусебно разменуваат искуства и знаења во рамки на стручните активи, истите изготвуваат програми за работа на активите.

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки.Финансиското работење и завршните сметки се контролира од Училишниот одбор. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање од издаден простор под закуп. Во училиштето има формирано Комисија за јавни набавки.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење преку презентација на кварталните, полугодишните и годишните извештаи на состаноците на телата и органите во училиштето. Училиштето го покрива делот за материјални трошоци, комунални услуги преку буџетската сметка и од сопствената сметка од издавање на простор. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на

училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокосирани на квалитетот на наставата.

## 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор во овој состав е избран и конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето, а начинот на работа е определен со Деловникот за работа и со Годишна програма за работа. За претседател е избран Филип Саревски, претставник од Советот на родителите. Училишниот одбор на училиштето редовно реализира состаноци, зависно од потребите на училиштето, или, 7 до 8 пати годишно.

Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето, Совет на родители и локалната заедница. Седниците се закажуваат навремено и се води уредна документација.

Раководен орган во училиштето е претставен од директорот Јасминка Спасовска, одделенски наставник, со прв мандат избран на јавен оглас со Решение од Градоначалникот на Општина Куманово бр. 08 УП1- 2468 од 11.06.2021 година. Раководниот орган има јасна визија и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивните придонеси во тимската работа и како да ја промовира добра практика за поквалитетно образование и воспитание на учениците. Иницира и успешно раководи со новитетите и промените во образовниот систем. Знае да идентиикува и да се

фокусира на приоритетите на училиштето во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Посебен акцент од своето работење става на постигањата на учениците, подобрување на климата и подобрување на условите за работа. Соработката помеѓу училишните тела и органи е добра и во најголем дел е со директна комуникација, преку средби, соопштенија, како и писмена коренсподенција со оние кои треба да бидат информирани.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и поголеми постигања на сите ученици. Во креирањето на целите во најголема мера учествуват сите вработени, а во голема мера се вклучуваат родителите и учениците. Досегашните постигнати цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.

Вработените активно учествуваат во креирање и во ажурирање на стратегиите за остварување на целите. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа. Посебен документ за образовната политика е Програма за развој на училиштето. Раководната структура постојано ги следи и анализира постоечките политики во врска со подобрување на квалитетот на работата во училиштето, го следи квалитетот на сите подрачја во воспитно – образовната дејност и врши соодветни целни планирања за нивно подобрување.

Училиштето потребите за развој ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето. Во развојното планирање определени се мисијата и визијата на училиштето.

Наставниците се информираат за поставените цели, преку презентирање на изготвен развоен план на училиштето од страна на стручната служба на наставички совет. Родителите се информираат, преку соработка на стручна служба со презентирање на Развојниот план пред Совет на родители и Училишниот одбор.

Училиштето има изготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на посетените едукативни семинари и обуки за унапредување на воспитно – образовниот процес.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално – технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува.

Училиштето донесува Финансов план и според материјалните и финасиските можности соодветно обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата. Соработка со локалната самоуправа и деловната заедница во однос на подобрување на внатрешната и надворешната инфраструктурата е добра , без позабележителни резултати.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- ✓ Училиштето води политика на поттикнување наанаставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.
- ✓ Родителите соработуваат со училиштето, а доставуваат и свои писмени забелешки и предлози до МОН за подобрување, дополнување и изменување на наставните планови и програми.
- ✓ Во рамки на училиштето има активен Центар за поддршка на учењето кој дава поддршака на учениците со посебни образовни потреби од целиот североисточен регион на државата.
- ✓ Во училиштето постои добар училишен правилник за следење на планирањата на наставниците и следење на наставниот процес;
- ✓ Добра и забележителна соработка на наставниците со стрчната служба и на ниво на стручни активи при организирање и реализирање на наставата;
- ✓ Добар имиџ на училиштето во локалната средина;

## 8.2 Слаби страни

- ✓ Во училиштето нецелосно се овозможени услови за примена и реализација на информатичко-комуникациска технологија во воспитно образовниот процес.
- ✓ Училиштето прифаќа ученици од реон на други училишта, кои користат бесплатен превоз обезбеден од општината, поради што недостасува простор и училници за поквалитетна реализација на наставата.
- ✓ Неадекватни просторни услови и недоволно опрема и реквизити за реализација на наставните содржини по предметот Физичко образование за учениците од одделнска настава во централното и во подрачните училишта;
- ✓ Недоволни средства планирани во буџетот и финансовиот план за набавка на нагледни средства , опрема, реквизити и потрошен материјал за потребите и поуспешна реализација на наставниот процес;
- ✓ Дел од училниците се мали и претесни за паралелките со поголем број ученици;
- ✓ Училиштето нема просторија за престој на родителите во склоп на дневниот центар за деца со посебни потреби, кои треба да бидат присутни и да ги чекаат своите деца.

## 8.3 Препораки

- ✓ Да се набави опрема и да се овозможат услови за примена и реализација на информатичко-комуникациска технологија во воспитно образовниот процес.
- ✓ Да се почитува донесената реонизација на ниво на општината;
- ✓ Наставата по предметот Физичко образование за учениците од одделнска настава во централното и во подрачните училишта да се реализира во соодветни просторни услови и со примена на потребната опрема и реквизити;

- ✓ Да се планираат со финансовиот план да се обезбедат доволно средства во буџетот и за набавка на нагледни средства , опрема, реквизити и потрошен материјал за потребите и поуспешна реализација на наставниот процес;
- ✓ Создавање на просторни капацитети согласно нормативот на простор во основните училишта.
- ✓ Обезбедување на просторија за родителите на децата со посебни потреби.

| | |
|---|---|
| Ивица Давидовски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Сања Јакимовска, Инспектор, член | |
| Љубиша Николиќ , Инспектор, член | |
| Александар Панев, Инспектор, член | |